Врз основа на член 35 од законот за заштита од пожари (сл. весник 43/86 и сл. весник 51/88) 36/04 член од статутот на РЖ Ладна Валавница АД Скопје Уравниот одбор на својата редовна седница одржана на ден ____________ 1998г. го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК

## за заштита од пожари во РЖ Ладна Валавница АД Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

*член 1*

Заради спречување и отстранување на опасностите од пожари и заради спасување на луѓето и имотот загрозени со пожар, со овој Правилник се утврдуваат мерките кои се превземаат за спречување на опасностите од пожар и експлозии одкривање и гаснење на пожар и експлозии како и спасување на луѓето и имотот загрозени од пожар во РЖ Ладна Валавница АД Скопје.

*член 2*

Заштита од пожари опфаќа збир на мерки и дејности од организациона техничка, образовна и пропагандна програма кои се превземаат за спречување и ширење на пожарот, негово откривање и гаснење, како и спасување на луѓето и имотот загрозени од пожар.

Заштитата од пожар се организира и непрекинато се спроведува во сите средини и места каде што постои опасност од настанување и ширење на пожар.

*член 3*

Инжињерот за заштита при работа во РЖ Ладна Валавница АД Скопје одговорен е за заштита од пожари и експлозии.

Истиот непосредно ги спроведува пожарно превентивните мерки што се ставени во надлежност со одредбите на овој правилник и други прописи како и да го организира одржувањето и контролата на ПП апарати и стабилните системи за гасење на пожар.

Инжињерот за заштита при работа за својата стручна работа за заштита од пожари одговорен е пред Извршниот директор на РЖ Ладна Валавница АД Скопје.

## II. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

*член 4*

Во сите работни простории и постројки мора да се спроведуваат сите пожарно превентивни мерки одредени со законски и други прописи од областа на заштита од пожари и со овој Правилник.

Мерките за заштита од пожари и други несреќи треба да се спроведат веднаш и во роковите кои се одредени.

*член 5*

Во погонските простории се забранува палење и употреба на отворен пламен ( оган ), освен во случаите кога тоа го бара технолошкиот процес при што одговорниот е должен да превземе мерки за заштита од пожари

*член 6*

Во простории во кои се врши заварување се забранува чување на секакви запаливи материи.

*член 7*

Запаливите материјали кои служат во техничкиот процес се чуваат во простории и во количина поголема од онаа која е потребна за дневна употреба.

*член 8*

Отпадните материи од производството што се запаливи се отстрануваат од местото на производството.

*член 9*

Сите простории, постројки, углни подруми треба редовно да се чистат, при што треба да се води сметка памучните отпадоци, масните крпи разни отпадни мазива и горива редовно да се отстрануваат замастените крпи, пуцвали и др. материи натопени со разни маснотии и запаливи течности додека служат за употреба треба да се чуваат во затворени кутии, поставени на незапалива подлога.

*член 10*

Во работните единици кај што се создаваат отпадни материи кои се запаливи, да се изнесуваат најмалку еднаш неделно, на определено место за уништување.

*член 11*

На сите критични места по постројките и складиштата каде пос тои зголемена опасност за појава на пожар, мора да има поставени ПП апарати и знаци за предупредување и писмени упатства како треба да се постапи во случај на пожар како и знаци за забрана на употреба на отворен оган и друго.

*член 12*

Опрема и средства за гаснење на пожар по постројките во погонот, ПП апарати, хидрантите и ПП црева ги планира погонот. Апаратите и средствата за гасење на пожари од претходниот став ги требува службата за набавка, а ги поставува , разместува и контролира инж. за заштита при работа.

*член 13*

Сите патишта и приодите кон објектите, постројките, влезните и излезните врати, ходниците внатрешните премини во објектите мора да бидат слободни и функционални во секое време така да во случај на пожар и елементарни непогоди може непречено да се изведува акција за спасување и гаснење, за што се одговорни лицата со посебни овластувања и одговорности.

*член 14*

Хидрантите мора да бидат секогаш достапни за употреба од сите страни и да бидат обезбедени со црева и млазници. Во зимскиот период хидрантите за вода да бидат заштитени од замрзнување.

*член 15*

За време на ремонти или други поправки на постројките претходно треба да се обезбедат потребните против пожарни мерки.

*член 16*

Постројки, агрегатите, инсталациите, уредите и апаратите за производство и користење на ел. енергија мора да бидат изведени во со постоечките прописи и стандарди.
Ел. инсталација во објектите и постројките мора да биде изведена така да не претставува опасност за предизвикување на пожари.

*член 17*

Сите високи објекти и објектите во кои се чуваат лесно запаливи материјали, течности и флуиди мораат да бидат заштитени од атмосферски електрицитет со громобранска инсталација.
Громобранската инсталација мора да се испитува и контролира согласно постоечките прописи.

член 18

Сите машини и уреди кои поради механичко триење мож... предизвикуваат пожар треба да бидат прописно заштитени, а сите ел. машини и други уреди мораат да бидат прописно уземјени.
Чистењето на ел. инсталации и ел. апарати мора да ги врши стручно лице или друг работник под назор на стручно лице. Задолжително е да се врши редовна контрола на сите ел. инсталации и каблоски канали.

член 19

Во објектите и просториите во кои се користат и држат запаливи течности, запаливи гасови, експлозивни материи и други лесно запаливи смеси се забранува:

-пушење-употреба на отворен оган, средства за палење

-користење на уреди и инсталации што можат да предизвикуваат пожари и експлозии

-користење на грејни уреди со отворен оган, вжарени и прекумерно загреани површини

-држење и сместување материјали што се склони кон самозапал...

член 20

За сместување на експлозивни материи во големи количини во големи количини мора да има изградено посебен магацин и истиот да биде одалечен прописно и заштитен.

член 21

За сместување на боци за заварување, потребно е да има изградена посебна просторија за полни и празни боци.

член 22

Сите магацини за сместување на експлозивни материи мораат да бидат заштитени со громобрани и заградени со жичана ограда која се поставува на 30 м. одалечена од магацинот и да бидат чувани со постојан чувар.

член 23

Рабониците вработени во складишта, магацини и оние ко... запаливи експлозивни отровни и радиоактивни материи мора... запознаени со начинот и манипулацијата со ситње мерки кои треба да се превземаат при работењето и како треба да се постапува во случај експлозија и пожар.
Вработените работници со овие мерки треба да бидат запознаени уште со стапувањето на работа и тоа:

- да го познава распоредот и употребата на ППА
- да одржува ред и чистота во просториите
- да се грижи за уредно одржување на вентилацијата
- да ги отстарани сите запаливи течности кои ќе се истураат

-да води сметка за исправноста на амбалажата

-да ги известува своите предпоставени за секој најмал недостаток во складишниот магацин

*член 24*

Работа на гасните подстаници да се врши исклучиво со алат што не искри, како и забрана на пушење.

*член 25*

Заварување во исперувачко-мешачката на постројка и гасните подстаници е забрането.

*член 26*

Заварување на гасните постројки може да одобри исклучиво инж. з. заштита со претходно превземените мерки.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ЗАДАЧИ НА ПРОТИВ ПОЖАРНА СЛУЖБА

*член 27*

За остварување на заштита од пожари и други елементарни непогоди постои ПП служба со целосна екипираност истата се наоѓа во кругот на РЖ Услиги АД.

*член 28*

Пријавување за пожар и други елементарни непогоди се врши по тел пат и тоа на тел. 03 или 8585

*член 29*

При заварување на постројките (со уљните подруми) задолжително се повикува ПП возило кое истото ќе дежура до завршувањето на работите.

*член 30*

За време на ремонти или големи поправки се известува ПП службата по писмен пат и се назначува времетраење на ремонтот и поправките.

## СТАПУВАЊЕ НА РАБОТА ИЛИ ПРЕРАСПОРЕДУВАЊЕ СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И НАЧИН НА НИВНО ОБУЧУВАЊЕ

*член 31*

Обуката за работниците од аспект на заштита од пожари се предвидува во сите програми и планови на образование и други образовни форми кои ги бара природата на работа.

*член 32*

Образованието од аспект на заштита од пожари го организира и спроведува РЖ Ладна Валавница согласно законот и правилникот за заштита од пожари.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР И ПОМ. ДИРЕКТОР И ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ОВЛАСТУВАЊА

*член 33*

Управниот одбор Извршниот директор и Пом. изв. директор ја утврдуваат политиката за ППЗ и ги вршат следните работи:

-ја разгледува состојбата за заш. од пожари и донесува одлуки заклучоци за отстранување на опасностите од пожари и преземање соодветни мерки .

*член 34*

Изв. директор го организира и контролира спроведувањето на законските прописи од областа на ППЗ , а покрај тоа ги врши и сл. работи;

-донесува одлуки од ППЗ

-ја контролира работата на лицата со посебни овластувања и одговорности.

*член 35*

Пом. извршен директор ги извршува следните работи, а посебно се грижи за:

-тех. процеси на производството да се организираат и одвиваат така , да можностите за избувнување на пожари и експлозии се сведат на најмала можност непосредно или преку други одговорни и стручни лица ќе контролираат однесувањето во процесот на производството, да ги спроведуваат мерките за заш. од пожари предвидени со овој правилник

*член 36*

Лицата со посебни овластувања и должности (менаџери, ас. менаџери, гл. инжинери и раковдители) ги имаат следните права и должности :

-да се грижат за целосно и правилно почитување ... одредбите на правилникот за заш. од пожари законски и нормати... нивно спроведување.

-настојува раководните и другите вработени да ги почитуваат и спроведуваат мерките за заш. од пожари

-ја контролира состојбата на опремата и средствата за заш. од пожари

-го отстранува од раб. место работникот кој не се придржува на мерките за заштита од пожари и експлозии

-без одлагање ја запира работата кога ќе се забележи непосредна опасност за избувнување на пожар, а за тоа ја известува ПП служба и инж. за заштита, како и превземање на сите мерки за почетно гасење.

*член 37*

Инжињерот за заштита при работа одговорен е за:

- спроведување на пожарно превентивните мерки во РЖ Ладна Валавница
-поставува знаци за предупредување на опасните места од пожари и експлозии
-се грижи за исправноста на стабилните системи и ПП апарати
-поднесува пријава против лицата кој не ги спроведуваат одредби... правилник
-должен е да ги запознае сите вработени со опасностите и мерките за заштита од пожари
-соработува со инспекциските органи и се грижи за недостатоците дадени од инспекцијата за заш. од пожари
-соработува со ПП служба на РЖ Услуги

*член 38*

Секој работник во РЖ Ладна Валавница АД Скопје е должен:

-да ги почитува и спроведува одредбите од овој правилник и останатите акти од областа на ППЗ
-да се придржува на законските акти , правилници и останати акти и одлуките, заклучоците, наредбите, упатствата, предупредувањата и др.
-при прераспоредувањето на ново работно место да се запознае со опасностите и мерките за заштита од пожари како и мерките за заштита од пожари како и правилно ракување со опремата и средствата за гасење на ПП апарати
-да присуствува на курсевите , семинарите и сл. кои се организираат ... да се унапреди заштитата од пожари
-опремата и средствата за гасење на пожари, строго наменски да ги ... водење сметка за исправноста на истите и да не ги одалечуваат од местото на кое се поставени , како места на критични за заштита од пожар
-редовно во текот на работата да ги отстранува сите евентуални опасности за појава на пожар и експлозија
-по завршување на работата, да го очисти своето раб. место, да ја исклучи струјата, ел. печки и др.
-да внимава за сите пожарни патишта да бидат чисти и проодни
-да учествува во спасувањето и давањето прва помош во случај на пожар или незгода предизвикана од пожар на неговото раб. место.

## VI. ПОСТАПКА ПРИ ИЗБУВНУВАЊЕ ПОЖАР

*член 39*

Во случај на избувнување на пожар, секој работник е должен веднаш да го изгасне. Ако не е во состојба сам да го изгасне ги повикува на помош работниците од соседните постројки, а доколку не се во можност да го изгаснат пожарот, повикуваат ПП возило на тел: 03 или 8565. По известувањето см. раководител и друг одговорен работник организира веднаш исклучување на ел. струја, сопирање на довод на гас или друг флуид и се започнува со гасење на пожарот.

За настанат пожар од поголеми размери мора веднаш да се из[illegible] лицето со посебни овластувања, кој е должен да дојде веднаш на местото [illegible] пожарот.

*член 41*

Во исклучителни случаи кога опасноста е од големи размери за луѓето и имотот, потребно е веднаш да се повика и против пожарната бригада на град Скопје.

## VII. ОДГОВОРНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

*член 42*

Сите вработени во РЖ Ладна Валавница се должни да се придржуваат на мерките за заштита од пожар. Непридржувањето кон нив претставува потешка повреда на работната должност, а особено:
-не јавување на повикот на акција за гасење на пожари
-недоаѓање на знакот за тревога на пожар
-пушење или употреба на отворен оган на места каде што тоа е забрането
-работа со неисправен алат, машина и уред со кои би можело да предизвика пожар
-неправилно поставување со лесно запаливи и експлозивни материи
-употреба на импровизирана и неисправна инсталација за довод на ел енергија, како и употреба на неисправни електро уреди и ракување и поправки на електро и др. уреди од страна на нестручни лица.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕБИ

*член 43*

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето.

**Претседател на Управен одбор**